ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СДСМ
ЦИК-СДСМ

| Примено: 28.02.2025 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Час: |
| 0209 | 8 | 3 | / |

СДСМ

Врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ, Централната изборна комисија на седница одржана на 28.02.2025 година, донесе:

## УПАТСТВО
## ЗА ГЛАСАЊЕ НА БОЛНИ И НЕМОЌНИ

1. Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое физички не може да пристапи до избирачкото место.

2. Известувањето дека лицето е болно и немоќно и дека сака да гласа, се доставува до ОИК најдоцна пет дена пред денот определен за гласање односно до 10.03.2025 година.

3. ОИК на 11.03.2025 донесува решение за прифатените известувања на лицата кои се пријавиле да гласаат како болни и немоќни. ОИК врши електронска проверка во избирачкиот список по прифаќање на известувањата. ОИК составува список за сите прифатени известувања и истите ги распоредува до соодветните избирачки одбори кои треба да го спроведат гласањето на овие лица.

4. ОИК списокот на болни и немоќни го доставува до ЦИК најдоцна до 11.03.2025 година.

5. Гласањето на болни и немоќни лица ќе се изврши еден ден пред денот определен за гласање односно на 15.03.2025 година и истото се врши во домот на болното и немоќно лице. Гласањето го спроведува ОИК или ИО во временскиот период од 08:00 до 20:00 часот.
6. ОИК/ИО е должен да ги провери подносителите на известувањето во изводот на Избирачкиот список за соодветно избирачко место пред да тргне да го спроведува гласањето.

7. При спроведување на гласањето ОИК/ИО, избирачкиот одбор со себе носи:
   - Извод од избирачкиот список на кој болното и немоќно лице се потпишува;
   - Печат;
   - Кочан со гласачки ливчиња;
   - Плик за секој гласач;
   - Список на немоќни и болни лица пријавени во изибрачкото место;

sdsm.org.mk• e-mail: cik.sdsm@gmail.com•тел.: +389 2 3293100•факс: +389 2 32932109
адреса:ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СДСМ

Постапката за гласање во домот на болно и немоќно лице е иста како постапката на гласање на гласачкото место, освен проверката на идентификацијата на гласачот со членската картичка на електронскиот читач. Идентификацијата на гласачот се врши само со увид.

8. При гласањето на болно и немоќно лице треба да му се обезбеди тајно гласање во неговата просторија каде што тој/таа ќе гласа.

9. Гласачкото ливче по завршување на гласањето, болното и немоќно лице го превиткува и пред членовите на ОИК/ИО го става во посебен плик и пликот го залепува.

10. По завршување на гласањето, се составува записник (Образец број 7) од страна на ОИК/ИО кој наредниот ден заедно со целокупниот материјал и ковертите во кои се наоѓаат искористените гласачки ливчиња ОИК/ИО се должни пликовите од гласањето на болни и немоќни лица поединечно да ги отворат и гласачките ливчиња пред почетокот на гласањето да ги ставаат во празната гласачка кутија без да се види за кого е гласано. ОИК е должна образецот број 7 да го достави до ЦИК најдоцна до 24.00 на 15.03.2025, а ЦИК е должна гласачите од записникот број 7 за секое избирачко место да ги внесе во електронскиот систем за евиденција на гласање во текот на денот определен за гласање.

11. Ова Упатство стапува на сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на СДСМ.

Скопје, 28.02.2025 година

Претседател на ЦИК
Бранко Георгиевски

М.П.

sdsm.org.mk• e-mail: cik.sdsm@gmail.com•тел.: +389 2 3293100•факс: +389 2 32932109
адреса:ул. „Павел Шатев" бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија